Поставувањето на инсталациите од член 2 на оваа одлука, управувачот на инсталациите, ќе ги врши согласно со условите утврдени со Решението за локациски услови издадено од општината.

**Ч л е н 4**

Управувачот на инсталациите, по изведување на работите, треба да ги доведе во првобитна состојба прекопите и оштетувањата направени при изведување на работите на начин, услови и рокови утврдени во Решението за локациски услови издадено во општината, најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на градежно земјените работи.

**Член 5**

Надоместокот за поставување на инсталации во јавните површини, се утврдува во висина од 10% од вредноста на градежно земјените работи потребни за поставување на инсталациите и доведување во првобитна состојба на прекопите и оштетувањата на јавните површини.

Износот на надоместокот од став 1 на овој член ќе се пресметува врз основа на проектираните должини на подземни кабли и број на изводни и линиски столбови, согласно Проектна документација.

**Член 6**

За секое поединечно барање за добивање на согласност за поставување на инсталации во јавните површини, барателот ќе изврши уплата на средства како бескаматен аванс, во износ од **30%** од надоместокот утврден во член 5 од оваа одлука.

Исплатата на авансот ќе се врши врз основа на профактура изготвена врз основа на проектна документација.

Крајниот износ на надоместокот и точните количини ќе се утврдат по целосно извршување на работите, изготвената завршна пресметка (завршна ситуација) и извршениот технички преглед од страна на Комисијата за технички преглед која записнички ќе ги утврди стварните количини на извршените работи, врз основа на што ќе се изврши исплата на вишоците или поврат на вишокот уплатени средства за надоместок, за што општината ќе достави фактура или одобрение.

**Член 7**

Висината на надоместокот за штетата сторена на патот и објектите на патот, ја утврдува Комисија која согласно Законот за јавните патишта ја формира Општината.

**Член 8**

Општината е должна, по доставување на барање и уплатата на средствата по основ на договор со управувачот на инсталациите да издаде согласност за извршување на прекопите во рок од 8 дена.

Општината може да го одбие барањето за издавање на согласност, ако со нивното поставување би се оштетил патот или биде загрозена безбедноста на сообраќајот, ако поставувањето битно влијае на одржување на патот или би било оневозможена негова реконструкција.

**Член 9**

Општината може да побара од управувачот на инсталациите да ги преуреди или премести инсталациите и уредите на нивен трошок, кога тоа е потребно заради обновување или реконструкција на јавниот пат, заради спроведување на мерки за заштита на патот и сообраќајот .

Трошоците за преуредување или преместување на инсталациите и уредите ги сноси управувачот, доколку тоа не е во спротивност со условите за нивно поставување.

**Ч л е н 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 07-122/7**
**30.01.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Извештај за реализација на Програмата за Урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2007 година**

Се објавува Извештајот за реализација на Програмата за Урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Седумдесет и првата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2008 година.

**Број 08-241/6**
**од 04.02.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
# ЗА 2007 ГОДИНА

## ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

**Програма Ф за урбано планирање**

**Реализација на**
**Програма за урбано планирање "Ф" на Општина "Ѓорче Петров" за 2007г.**

### I. Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање

**Фаза на изработка на започнати ДУПови**

**Започнати ДУПови по Програма 2005год.**

**1. ДУП за УЗ “Даме Груев” УБ1**

**Граници на планскиот опфат:**

-југозапад-осовина на ул.”Лука Геров”
-северозапад-осовина на ул.”Николај Островски”
-североисток-осовина на ул.”Шарпланинска”
-југоисток-осовина на крак на ул.”Лепенец” и новопроектирана ул.”Лепенец”

**Големина на плански опфат: 24.23ха**

**Фаза:**
**Оддржани стручни консултации,**следува фаза:утврдување на Нацрт план и јавна анкета.

**Цена:**
По договор:960.000,00/платено:576.000,00ден/за доплата 384.000,00ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

**2.ДУП за УЗ “Даме Груев” УБ2**

**Граници на планскиот опфат:**

- југ и југозапад-осовина на железничка пруга Белград-Скопје
-северозапад-осовина на ул.”Николај Островски”
-североисток-осовина на ул” Лука Геров” до пресечна точка со осовината на железничка пруга Белград-Скопје

**Големина на плански опфат: 19.19ха**

**Фаза:**
**Оддржани стручни консултации,**следува фаза:утврдување на Нацрт план и јавна анкета.
**Цена:**
По договор:813.888,00/платено:488.333,00ден/за доплата 325.555,00ден
Средствата се обезбедени од буџет на општината

**3.ДУП за дел одУЗ Дексион-дел над пруга(станбена зона)**

**Граници на плански опфат:**

-север:граница на ГУП
-запад: меѓа на КП 3820,38,13
-југ: осовина на железница
-исток: меѓа на КП 13513,КП 3621

**Големина на плански опфат: 15,50ха**

**Фаза:**
Планот треба да се врати во МТВ на повторно стручно мислење,со претходно вградени забелешки.Потоа следи стручна консултација.Недостасува дигитална,векторизирана подлога.

**Цена:**
По договор:691.200,00/платено:414.720,00ден/за доплата 276.480,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

***4. ДУП за зона Мало стопанство-УЗ Мирче Ацев***

**Граници на плански опфат:**

- југ -осовина на железничка пруга
- север- по меѓа на катастарска парцела на касарната Ѓорче Петров
- запад- по осовина на ул.”Сремски фронт”
- исток- по меѓа на парцела 3360

**Големина на плански опфат: 10,0ха**

**Фаза:**
**Оддржани стручни консултации,**следува фаза:утврдување на Нацрт план и јавна анкета.

**Цена:**
По договор:410.400,00/платено:246.240,00ден/за доплата 164.160,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

**5. ДУП за Спортски терени**,локалитет крајбрежен појас,УЗ “Ѓорче Петров”

**Граници на плански опфат:**

-север-осовина на ул. “Ѓуро Салај”, оди кон север по ул.”Виа Игнатиа” до ул.”Социјалистичка зора”
-исток-осовина на бул.”Македонска војска”
-запад-осовина на новопроектирана улица долж ОУ “Димитар Поп-Георгиев Беровски”,кон исток по осовина на ул.”Алекса Демниевски”до пресек со западна граница на парцели 12602 и 12603 во правец на новопроектирана улица, крак од “Алекса Демниевски”
-југ-осовина на ул.”Алекса Демниевски”(новопроектирана ул.)
**Големина на планскиот опфат: 14,9 ха**

**Фаза:**
**Оддржани стручни консултации,**следува фаза:утврдување на Нацрт план и јавна анкета.

**Цена:**
По договор:691.200,00/платено:414.720,00ден/за доплата 276.480,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

**6.Измена и дополнување на ДУП Реонски центар-УМ1**

**Граници на плански опфат:**

-север:осовина на стара ул.“Ѓорче Петров“
-запад:осовина на планирана пешачка патека
-исток:осовина на ул.“ Радушка“ и“ Воин Драшкоци “
-југ:осовина на ул.“Лихнида“

**Големина на планскиот опфат: 6,2 ха**

**Фаза:**
Добиено стручно мислење од МТВ,според кое се постапува со усогласување со ГУП.При тоа се спори дел од површината за градба на хотел.Министерството не го почитува важечкиот ДУП за Реонски центар за кој има издадено согласност.

**Цена:**
По договор:57.550,00/платено:32.130,00ден/за доплата 25.420,00 ден.
Донација

## Започнати ДУПови по Програма 2006год.

**1.ДУП за УЗ “Дексион”- УМ1**

**Граници на планскиот опфат:6,5ха**

- север: осовина на ул: 4ти јули

*-запад: осовина на ул: Кузман Шапкарев*
-југ: осовина на ул: Ѓорче Петров
*-исток: осовина на ул: Ѓорѓи Газепов и врти по пешачка патека до ул: Ѓорче Петров*

***Големина на плански опфат:6,5 ха***

**Фаза:**
Добиено стручно мислење од МТВ и по истото се постапува во ЗУАС.Следува фаза нацрт план-утврдување на Совет.

**Цена:**
По договор:280.800,00/платено:140.400,00ден/за доплата 140.400,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

**2.ДУП за дел од Западна индустриска зона- ул.Шарпланинска,Б1**

**Граници на планскиот опфат:**

-југоисток: КП751/1,КП1263
-северозапад: КП 749/2,сече осовина на ул."Новопроектирана "-1, до ул. "Шарпланинска"
-североисток:КП749/2
-југозапад:осовина на ул. "Шарпланинска"

**Големина на планскиот опфат:4,41ха**

Предлог-Планот е во фаза на доработка по забелешки од МТВ.Потоа се очекува конечна согласност од МТВ за донесување на седница на Совет.

**Цена:**
По договор:207.360,00/платено:165.888,00ден/за доплата 41.472,00 ден.
Средствата се обезбедени од буџет на општината

**Урбанистички планови за село**

1.УП за село Волково
Добиени услови за планирање на просторот.Следи процедура за план.

**Започнати ДУПови по Програма 2007 год.**

**1.ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-1**

**Граници на плански опфат:**

-исток: осовина на ул." Ацо Шопов"
-југ: осовина на бул."Партизански одреди"
-запад: осовина на ул."Новопроектирана"
-север:осовина на пристапна улица,кон југ со АРМ,наисток кон АРМ до ул. Ацо Шопов"

**Големина на плански опфат: 1,4 ха**

**Фаза:**
Добиено стручно мислење од МТВ да се продолжи постапката,но по отстранување на забелешките врзани со пристапот преку МО до локацијата.Следи фаза Нацрт план-утврдување на Совет.
**Цена:**
По договор:115.000,00/платено:000.000,00ден/за доплата 115.000,00 ддонација
**ДУПови по Програма 2007 год.незапочнати**

1.ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-2
2.ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-3

**Урбанистички планови за село**
**1.УП за село Кучково,незапочнато**

## II. Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиште и уредување на просторот во рурално подрачје

1. Подпрограма Ф.А. и Ф.Д. за уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки.

**48.4821.10 Подготвување на проекти склучувајќи дизајни на улици, пешачки патеки плоштади и други јавни површини**

- Изработен е основен проект за ул. „1“ МЗ Кисела Јабука према с. Волково (поред пруга) со должина од L = 1538 м´ и ширина на коловозот од 5,0 м´.
- Изработен е основен проект за крак од регионален пат Скопје - Кондово према Коњички клуб во должина од L = 257м´ и габаритот 4,0 м´. Средствата за двата проекта во висина од **179.950,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров.
- Во тек е изработка на проект за санација, реконструкција и адаптација на основните училишта во Опшина Ѓорче Петров. Средствата во висина од **601.800,00 ден.** се обезбедени од Буџетото на Општина Ѓорче Петров за 2007 година.

**48.1821.20 Изградба на улици , пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**

- Изграден е тротоарот на надвозникот на ул. „Лука Геров“ од двете страни во вкупна должина од 2 х 300 м´ и ширина од 1,20 м´ и изработена е пешачка ограда во должина од 2 х 280 м´.
  Инвеститор Општината Ѓорче Петров
  Донатор АДГ Бетон материјал-бетон, и Горење
- Изграден е тротоар на ул. „Лука Геров“ (лева страна) во должина од 300 м' и просечна широчина од 1,2 до 1,6 м' со павер елементи. Средствата во висина од **634.840,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.
- Во тек е изградба на тротоар на ул.„1’’ во М.З. Кисела Јабука - покрај пруга во должина од L = 600 м´.
  Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

- Во завршна фаза е изградбата и реконструкцијата на Реонскиот парк во Ѓорче Петриов II фаза при што изградени се нови пешачки патеки со површина од 2300 м$^2$, поставени се 37 нови светилки, 50 клупи, 25 корпи за отпадоци. Изработен е нов санитарен чвор, изградени две јавни чешми и една мала фонтана. Изработено е плато за летна сцена со површина од 430 м$^2$, и уреден и поставен музејскиот примерок на малото вовче. Изработени и обновени се нови зелени површини од 3800 м$^2$ во кои ке се насадат 52 нови садници (четинари и зимзелени) , извршена е дислокација на споменикот на паднатите бориц од НОБ, со целосна негова реконструкција и уредување.Во просторот на новиот Реонски парк изграден е нов споменик за борците од 2001 година. Вкупната вредност досега изнесува **8.521.336,00 ден**.

  Средствата се обезбедени со донација од Швајцарската агенција за развој и соработка во износ **7.322.121,00 ден**., но и дел од Буџетот на Општината Ѓорче Петров во висина од **1.199.215,00 ден.** .
- Изработени се детски типски игралишта во с. Никиштан ии с. Орман со содржина за ракометно игралиште, кошаркарско-баскет игралиште и детски песочен простор со реквизити како лулашки, клацкалици, тобогани и сл.

  Средствата се обезбедени дел донација од повеќе фирми и дел од Буџетот на Општината Ѓорче Петров во висина од **599.116,50 ден.**

- Изградено е типско детско игралиште во М.З. Волково - М.З. Пржина, што ќе опфаќа ракометно игралиште, кошаркарско игралиште и песочна површина со потребни детски реквизити - опрема.

  Средствата се обезбедени со донација на фирмата Терна Р.Грција (подлога и ограда) а останатите ќе ги обезбеди Општината Ѓорче Петров во висина од **672.106,50 ден**. .
- Во Урбана заедница Хром изградено е детско игралиште со песочник и потребни дерски реквизити и опрема.

  Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината Ѓорче Петров во висина од **244.558,50 ден.** .
- Извршено е пробивање на трасата на ул. 1 М.З. Кисела јабука према с. Волково (покрај пруга), и истата е тампонирана со природен шљунковит материјал како основен слој.

  Средствата се обезбедени со донација на фирмата Терна Р.Грција.
- Извршено е асфалтирање на ул.„Николај Островски’’ од „Борис Бојаџиски’’ до ул.„ Шарпланинска ’’ во должина од L = 200 м΄.и ширина 5,0 м΄ и извршено е крпење на ударните дупки на околните улици, со донација од „Дрога Колинска“.
- Во тек е изградба на фонтана што е во склоп со Реонскиот парк и пешачкото шеталиште, истото ќе се заврши до крајот на месец ноември 2007 година .

  Средствата се обезбедени со донација од Швајцарската агенција за развој и соработка и дел од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.
- Завршена е реконструкција на малото вовче кое е лоцирано во паркот , а со средства од Буџетот на Општината Ѓорче Петров во висина од **128.594,00 ден.** .

**48.4823.10 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосверска канализација.**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Град Скопје и Општина кои се произлезени од законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

- Изработен е основен проект за примарна и секундарна, фекална канализациона мрежа зас. Волково, Кисела Јабука и Стопански двор за површина од 525 ха со дијаметар на цевките од ф 250 мм до ф 600 мм.
  Средствата во висина од **1.700.000,00 ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**48.4823.20 Изградба на фекална и атмосверска канализација.**

- Завршена е градбата на колекторот за фекална канализација во с. Волково - II фаза што се изведува со армиранобетонски цевки ф 600 мм во должина од 1052 м' и 14 ревизиони шахти. Средствата се обезбедени од Министерството за транспорт и врски во висина од **5.500.000,00 ден.** и дел од Буџетот на Општина Ѓорче Петров во висина од **569.825,00 ден**..
- Завршена е градбата на фекалната канализација во с. Ново село - Колектор, со крак за приклучок на О.У Тихомир Милошевски со должина на цевководот L = 521 м' од пластични канализациони цеви ф 250 мм
  Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров во висина од **1.306.223,00 ден.**

**48.4827.10 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Град Скопје и Општина кои се произлезени од законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**48.4827.20 Изградба на водоводна мрежа**

- Завршена е изградбата на водоводот за с. Никиштане со потисен цевковод ф 100 мм и L = 1800 м' и потребни воздушни и испусни шахти за вентили.
- Завршена е изградбата на резервоар за вода во с. Никиштане со капацитет од 200 м $^3$ .
  Средствата се обезбедени од Р.Македонија Министерството за Локална самоуправа - Биро за стопански недоволно развиени подрачја во висина од **2.710.340,00 ден**., дел од Фондот за води на Р.Македонија во висина од **2.990.649,00 ден**.и дел од Буџетот на Општина Ѓорче Петров во висина од **306.263,00 ден**..

**48.4828.10 Подготвување на проекти на капацитети од енергетика (НН електрична мрежа и топлификациона мрежа)**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Градот Скопје и општината кои се произлезени од законски обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**48.4828.20 Изградба на објекти од енергетика ниско - напонска електрична и топлификациона мрежа**

- Направени се повеќе приклучоци на објекти со кофинансирање на Градот Скопје и општината кои произлегуваат од законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**48.4829.30 Реконструкција на објекти од енергетика (ниско напонска и топлификациона мрежа)**

- На магистралните и собирните улици градот изврши замена на светилките со натриумови сијалици. Одржувањето на овии улици е во надлежност на Градот, и до крај на 2007 година нема интервенирано.

На локалните улици во надлежност на Општината одржувањето на уличното осветлување е рестрикцирано и вршено е интервентно одржување и поставување нови линии во висина од 174.380,00 ден. Средства обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров .

Променети се :

- светилки ........................ 360
- пригушници ........................ 108
- заштитни тегли (топки) ........................ 98
- сенила ........................ 46
- ел.кабли со раз.пресек ........................ 630 м
- фасонки ........................ 78
- осигурачи ........................ 75
- рефлектори мх 400 ........................ 15
- арматури и Гешташи ........................ 27
- ел. склопка 40А ........................ 1
- лемено ормарче ........................ 1
- рајхем спојка ........................ 1
- броило трофазно ........................ 1

и друг поситен материјал како стеги, ал-ку клеми, жица, обични сијалици, прекинувачи и друго евидентирано во градежните книги. Средствата во висина од **2.000.000,00 ден**.се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

- Извршено е празнично украсување на неколку улици и паркот за Новогодишните и Божиќните празници со светлечки црева и елемент.Средствата во висина од **1.000.000,00 ден**.се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## II ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### I Подпрограма Ј.О. одржување на урбана опрема

- Реконструирани се 50 парковски клупи, 10 канти за смет, репарирана ограда на фонтана и дтуги активности на територија на општината. Потрошени се **114.861,00 ден**.средства обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### II Подпрограма Ј.Н. урбана опрема, (капитален расход)

- Извршена е набавката и поставувањето на 50 парковски клупи и 25 корпи за отпадоци во паркот на Реонскиот Центар, набавени и монтирани се лулашки и клацкалици. Средства во висина од **68.440,00 ден.** обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### III и V Подпрограма Ј.З. и Ј.А. јавно осветлување и изградба на јавно осветлување

- Прикажано во претходната програма
- Трошоците за потрошената електрична енергија за јавно осветлување редовно се плаќаат.

**IV Подпрограма Ј.4. за јавна чистота**

- Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, општината перманентно ангажира дваесеттина невработени лица и социјални случаи кои се испомош на Ј.П.„Комунална хигиена'' и на Ј.П.„Паркови и зеленило'' . Истите се ангажирани и во акциите што ги организира општината за подобрување на комуналната состојба.
- Во тек на годината повеќекратно се направени акции со Ј.П. „Комунална хигиена'' за отстранување смет од дивите депонии на целата територија при што се дигнати околу 1200 $м^3$ смет и депонирани во Дрисла, расчистени се депонии со градежен шут околу 2800 $м^3$ , во вкупна вредност од **850.366,00 ден.** кои средства се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.
-

**VI Подпрограма Ј.6. одржување и заштита на локални патишта и сервисни и станбени улици на територија на Општина Ѓорче Петров**

- Во изминатиот период направено е пролетно и есенско крпење на ударните дупки на улиците во општината. Со завршување на летото отпочнато е есенското санирање на ударните дупки, при што до сега е утрошено 194 тони асвалтна маса и тоа на следните улици:

1. **<u>Магистрални улици</u>**
   - „Македонска Војска" и
   - „Црногорска"

2. **<u>Собирни улици</u>**
   - „Ѓорче Петров";
   - „Лука Геров";
   - „4$^{ти}$ Јули";
   - „Лепенец";
   - „Тиранска"
   - „Алекса Демниевски"
   - „Веле Марков" и
   - Волково

3. **<u>Локални улици</u>**
   - „Пеклање";
   - „Бертранд Расел";
   - „Моцартова";
   - „Борис Бојаџиски";
   - „Арсо Мицков";
   - „Антон Кецкаров",
   - „Шарпланинска";
   - „Антон Чехов";

- „Николај Островски“;
- „Лазо Димов Ошенски“;
- „Исаија Мажовски“;
- „Кичевска“;
- „Мавровска“;
- „ Шидска“;
- „Мекедонска Преродба“;
- „Знеполе“;
- „Ангел Винички“;
- „Виа Игнатија“;
- „Мице Козар“;
- „Пробиштипска“;
- „Јосиф Ковачев“
- „Никола Пушкаров“;
- „Наум Чакарев“;
- „Гостиварска“;
- „Кадињача“ и
- „Кузман Шапкарев“;
- ул.100 с.Волково
- пат за с.Орман

Средствата во висина од **1.019.000,00 ден**.се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

- Во тек е редовно одржување на локалните патишта и улици во зимски период со потребното посолување и чистење од снежни наноси, така што истите во секој момент ќе бидат проодни. Средства во висина од **2.000.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.
- Извршено е изместување на Т.Т. воздушна мрежа во должина од 600 м на ул. 1 с. Ново Село - Кисела јабука. Средствата во висина **221.247,00 ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**VII Подпрограма Ј.Д. изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни и станбени улици**

- Со оглед дека средсвтата од Фондот за магистрални и регионални патишта драстично се намалија (за околу 40%) предвидените средства се користат само за летно и зимско одржување на локалните патишта и улици и за активностите за пробивање и тампонирање на улици во соработка со инжинерската единица на АРМ што е прикажано во претходната програма.

**VIII Подпрограма Ј.Ф. изградба и сообракајна сигнализација**

- Во тек на изминатиов период, еднаш е вршено бележење на улиците во општината при што е обновувана хоризонталната сигнализација на поважните сообраќајници (ул. Ѓорче Петров, ул. Лука Геров, ул. 4- ти Јули, бележење на игралишта и сл.)
- Изработен е автоматско-електронска сигнализација на патниот премин на железничката пруга на с.Орман.

Средствата и работите ги реализира Македонски железници.

**IX Подпрограма Ј.Г.изградба на систем за водоснабдување**

- Активносте од оваа подпрограма се прикажани во претходната програма.

**X Подпрограма Ј.И.изградба на систем за одводнување на отпадни воид**

- Извршено е аплицирање за чистење на доводниот канал од с.Орман према с.Волково и влив во р.Лепенец во Министерството за земјоделство , шумарство и водостопанство и истата апликација е одобрена за чистење на каналот во должина од 3600 м.

**XI Подпрограма Ј.М.изградба и реконструкција на парковски површини и зеленило**

- Во завршна фаза е изградбата и реконструкцијата на Реонскиот парк во Ѓорче Петриов II фаза при што изградени се нови пешачки патеки со површина од 2300 м$^2$ , поставени се 37 нови светилки, 50 клупи, 25 корпи за отпадоци. Изработен е нов санитарен чвор, изградени две јавни чешми и една мала фонтана. Изработено е плато за летна сцена со површина од 430 м$^2$ , и уреден и поставен музејскиот примерок на малото вовче. Изработени и обновени се нови зелени површини од 3800 м$^2$ во кои ке се насадат 52 нови садници (четинари и зимзелени), извршена е дислокација на споменикот на паднатите бориц од НОБ, со целосна негова реконструкција и уредување.

  Средствата се обезбедени со донација од Швајцарската агенција за развој и соработка, но и дел дополнителни средства во висина од **281.241,50 ден.** од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.
- Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училиштата и градинката, одржување еколошки часови и поставување на 48 корпи за отпадоци.
- Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што се третирани 1451 шахта на целата територија на општината. Со средства во висина од 150.000,00 ден. обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

  Во Одделението за спроведување на урбанистички планови од 2007 година примени се 1148 предмети. Од вкупниот број предмети за решавање, решени се 919 предмет и тоа со следната структура :

| Ред. Бр. | ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Одделение за спроведување на урбанистички планови | Примени предмети во тековен месец | Нерешени предмети од претходен период | Вкупно од графите 3 и 4 | Решени предмети во тековен месец | Останале предмети за решавање | Жалби до второстепена Комисија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **2.** | **3.** | **4.** | **5.** | **6.** | **7.** | **8.** |
| 1 | ИЗВОДИ ОД ДУП | 1231 | 182 | 1413 | 1327 | 86 | |
| 2 | ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | 166 | 12 | 178 | 159 | 19 | 3 |
| 3 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 153 | 59 | 212 | 185 | 27 | |
| 4 | ОДОБРЕНИЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА | | | | | | |
| 5 | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА - ПРЕНАМЕНА | 6 | | 6 | 4 | 2 | |
| 6 | РЕШЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ | 46 | 2 | 48 | 46 | 2 | |
| 7 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ОГРАДА | | | | | | |
| 8 | ПРАВОСИЛНОСТ | 59 | 2 | 61 | 61 | | |
| 9 | ИЗГОТВУВАЊЕ МИСЛЕЊА, ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ДО ДРУГИ ОРГАНИ | 15 | | 15 | 15 | | |
| 10 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПОТВРДИ,УВЕРЕНИЈА И ДРУГИ СЛИЧНИ АКТИ | 32 | | 32 | 30 | 2 | |
| 11 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕПИСИ НА ИЗДАДЕНИ АКТИ | 2 | | 2 | 2 | | |
| 12 | ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ НА ОБЈЕКТИ | 3 | | 3 | 3 | | |
| 13 | ЗАПИСНИЦИ ОД НАДЗОРНИ ОРГАНИ | 7 | | 7 | 7 | | |
| 14 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПРОТОКОЛИ | 71 | 22 | 93 | 81 | 12 | |
| | ВКУПНО ОД ТАБЕЛА: | 1791 | 279 | 2070 | 1920 | 150 | 3 |

Од изнесеното, видливо е дека просечно месечно се решавале по околу 160 предмети што претставува завиден број на предмети имајќи го на ум релативно малиот број на извршители во Одделението.

**Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина**
**Р а к о в о д и т е л,**
**Димитар Руменов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал 2007 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Седумдесет и првата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2008 година.

**Број 08-241/7**
**од 04.02.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 71-вата Седница одржана на ден 30.01.2008 година, донесе :

**З АКЛУЧОК**
**За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV Квартал 2007 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV Квартал 2007 година.

2. Заклучокот ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-122/10-1**
**од 30.01.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**